Овој леток е дел од серијата напишана од медицински сестри, лекари и експерти со искуство во негата за стари лица. Исто така, достапни се летоци за луѓето кои бараат нега за стари лица во резиденцијални домови. Овој леток и другите може да се преземат на: **www.10questions.org.au**

Овој леток може да ви биде корисен:

- Во потрага по висококвалитетен давател на домашна нега
- При разгледување на квалитетот на вашиот сегашен давател на домашна нега
- При донесување одлука помеѓу два даватели на домашна нега кои изгледаат слични.

**Домашна нега** е медицинска, лична и домашна нега во вашиот дом обезбедена од различни работници. Квалификацијата, искуството и видот на работникот треба да одговараат на вашите потреби и може да вклучуваат регистрирани медицински сестри, здравствени работници од здруженото здравство (allied health professionals) и работници за лична нега. Алтернативно, можеби ќе ви треба помош само за градината, за купување или за чистење.

Некои работници патуваат во повеќе домови во еден ден и обезбедуваат кратки посети, додека други може да останат со едно лице одредено време во денот.

**Даватели на нега преку платформи** се платформи преку интернет и мобилни апликации кои ги поврзуваат луѓето само со самовработени работници и не се одобрени даватели на услуги (Approved Providers), ниту сносат одговорност според Законот за нега на стари лица (Aged Care Act). Ако немате пакет за домашна нега (Home Care Package), а сакате да вработите и да плаќате за вашите сопствени работници за нега на стари лица, можете да се поврзете преку интернет. Ако добивате финансирање од Комонвелтот, мора да најдете одобрен давател на нега за стари лица кој е подготвен да ја плати онлајн платформата од владините субвенции за нега на стари лица што ги добива во ваше име.

Февруари 2023

# ВАШЕ ПРАВО Е ДА ПРАШАТЕ

Најдобар начин да најдете давател на домашна нега што ви одговара е да контактирате неколку.

Ако сте загрижени во врска со вашиот давател на домашна нега или услуги, контактирајте:

**My Aged Care** — **myagedcare.gov.au** — **1800 200 422**

**Служба за правата на постари лица (Seniors Rights Service)** — **1800 424 079**

**Carer Gateway** — **1800 422 737**

Овој леток е составен и одобрен од:

NSW Nurses & Midwives' Association, MCCI Multicultural Communities Council of Illawarra — Partners In Culturally Appropriate Care (PICAC) NSW & ACT, Palliative Care New South Wales, Health Consumers NSW, NSW Rural Doctors Network, CPSA Combined Pensioners & Superannuants Association, Carers NSW Australia, Seniors Rights Service, OWN, WEL, VZA, asmof NSW, QACAG Quality Aged Care Action Group Incorporated, Australian Nursing & Midwifery Federation

За целосен список на организации за поддршка, посетете ја веб-страницата **www.10questions.org.au**

Ако сте загрижени во врска со давател на домашна нега, контактирајте:

1800 951 822

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

www.agedcarequality.gov.au

# 10 Прашања да поставите

## ЗА

# ДОМАШНА НЕГА ФИНАНСИРАНА ОД КОМОНВЕЛТОТ (HOME CARE - MACEDONIAN)

NSW Nurses & Midwives' Association

MCCI Multicultural Communities Council of Illawarra — Partners In Culturally Appropriate Care (PICAC) NSW & ACT

**www.10questions.org.au**

Благодарност се дава на PICAC Alliance кои придонесоа за изработка на овој леток

***Може да има големо доцнење во добивањето пакет за домашна нега, бидејќи е достапен само ограничен износ. Ако мислите дека ви треба нега или поддршка, дејствувајте брзо за да ги обезбедите вашите услуги.***

## 1 Каква нега и поддршка можам да добијам дома?

Ако ги исполнувате владините критериуми, може да имате право на низа услуги како пазарење, лична нега, одржување на домот, нега од медицински сестри, вклучувајќи и поддршка на крајот на животот во вашиот дом. Детали за Програмата за поддршка во домот на Комонвелтот (Commonwealth Home Support Programme) (поддршка на влезно ниво) и Програмата за пакети за домашна нега (Home Care Packages Program) (кога ви треба повеќе помош) може да најдете кај My Aged Care (MAC)*.

## 2 Како да го започнам процесот?

Прво, регистрирајте се со My Aged Care (MAC) по телефон или онлајн. Потоа, член на тимот за проценка на нега на стари лица ќе го посети вашиот дом за да ги процени вашите потреби за нега. По проценката, ќе добиете писмо од MAC во кое ќе бидат наведени услугите кои ви следат и ќе ви биде даден MAC „код за упатување" (referral code) кој е посебен само за вас. Откако ќе добиете одобрение за домашна нега, добра идеја е да споредите неколку даватели на услуги, проверувајќи ги работите како што се достапноста на персоналот, надоместоци и наплати, јазична/културна поддршка. Може да има листа на чекање за некои услуги. Ако ви треба помош, искористете ги броевите на задната страна на овој леток за бесплатен совет.

## 3 Колку ќе чини тоа?

Можеби ќе треба да придонесете за вашата нега, а износот е одреден според приходот. Сите даватели на услуги треба да ги имаат своите цени на нивните веб-страници. Споредете ги надоместоците што ги наплаќаат давателите на услуги во вашата област.

## 4 Може ли да го сменам мојот давател на услуги?

Имате право да го смените, но можеби ќе треба да интервјуирате неколку даватели на услуги пред да се согласите за нов договор. Проверете ги трошоците за административни такси и дали тие можат да го обезбедат она што ви треба. Можеби ќе ви биде корисно некој да зборува во ваше име пред да потпишете нов договор.

## 5 Кои мерки се преземени за да се осигури дека е безбедно да им дозволам на луѓето што не сум ги сретнал/а да влезат во мојот дом?

Сите работници за нега на стари лица имаат полициски проверки и треба да се придржуваат на националните Стандарди за квалитет на нега за стари лица^. Сите работници кои влегуваат во вашиот дом треба да ги следат правилата за одржување на доверливоста и да се однесуваат со почит. Што е најважно, вие имате право на безбедна и висококвалитетна нега и услуги. Повеќе детали за Повелбата за правата за нега на стари лица (Charter of Aged Care Rights) можете да најдете на веб-страницата на MAC.

## 6 Дали моите специфични потреби ќе бидат задоволени (културни, религиозни, ЛГБТКИ)?

Вашиот давател на услуги мора да развие план за нега со вас кој ги опишува сите аспекти на вашите потреби за нега, вклучително и поддршка за вашата култура или религија или заедницата на која припаѓате. Ова може да вклучува платен работник за нега од вашата јазична група (ако е достапен), пристап до преведувачи, врска со заедницата или превоз до културни настани. Проверете дали услугите што ви се потребни може да се обезбедат пред да потпишете каков било договор.

* Детали на задната страна на овој леток.

^ Националните стандарди за нега на стари лица се регулирани од Комисијата за квалитет и безбедност на негата за стари лица и се однесуваат само на услугите за кои се плаќаат со користење на финансирање од Комонвелтот.

# Може да се јавите на Carer Gateway на 1800 422 737 за да добиете повеќе информации.

## 7 Што ако не сум задоволен/задоволна од моите услуги?

Ако не сте задоволни со вашите услуги или работник, најпрво покренете го ова со вашиот давател на услуги и дозволете им да ги поправат проблемите. Ако сè уште не сте задоволни, користете ги броевите на задната страна на овој леток за да побарате поддршка или да изразите загриженост.

## 8 Дали ќе има поддршка за мојот негувател/семејство?

Вашиот план за нега може да вклучува услуги или поддршка како домашна помош, лична нега или одмор од негата (respite), кои имаат за цел да му дадат одмор на вашиот негувател или семејство од обезбедувањето нега. Советување лице во лице или по телефон, поддршка од лица во слична ситуација, поучување и одмор од нега, исто така, може да му бидат достапни на вашиот негувател преку Carer Gateway#.

## 9 Дали моите други услуги ќе престанат кога ќе започне мојот пакет за домашна нега?

Сè уште ќе имате право основни здравствени услуги од вашиот општ лекар, медицински специјалисти и медицинска сестра во заедницата/на терен и услуги од здруженото здравство, вклучително и палијативна нега. Можеби ќе сакате да вклучите медицинска сестра, физиотерапевт или подијатар во вашиот план за нега. Ако е така, разговарајте со вашиот давател на услуги.

## 10 Каква обука ќе имаат добиено моите работници за нега?

Вашите работници за нега треба да имаат добиено основна обука за тоа како да обезбедат безбедна, квалитетна нега за да ги задоволат вашите индивидуални потреби кога првпат ќе се вработат и редовно да се надградуваат. Персоналот може често да се менува, затоа проверете пред да го потпишете вашиот договор каква обука веќе добиле вашите работници за нега. Имате право да побарате друг работник за нега, имајќи предвид дека може да има чекање доколку живеете во рурална област или имате специфични потреби.